**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИ, РОДИТЕЛИ, НАСТАВНИЦИ И ДРУГИ ВРАБОТЕНИ**

во ООУ „Браќа Рамиз-Хамид" - Општина Шуто Оризари -Скопје

# КОДЕКС ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО

- Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава, да носи заштитна маска или прекривка за лице/визир (да ги покрива устата и носот).
- Во училишниот двор учениците задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од 1,5 до 2 метри. Да се движат кон влезовите следејќи ги ознаките за движење и стоење.
- Се забранува групирање на учениците во училишниот двор и училишната зграда.
- Се забранува поздравување со физички контакт меѓу учениците и учениците и наставниците.
- Задолжително мерње на телесна температура, дезинфекција на рацете и обувките пред влезот на училишната зграда
- По влегувањето во училишната зграда учениците се движат тивко, полека и без трчање со почитување на препорачаната физичка дистанца, кон определената училница за нивната паралелка.
- Во училницата седнуваат на точно определените места за седење. До завршување на наставниот ден учениците седат на истото место.
- Ученикот го напушта своето место на седење само со дозвола на наставникот (за извршување физиолошка потреба, миење раце пред оброк и слично).
- Учениците не смеат да си позајмуваат и разменуваат било каков училишен материјал или прибор
- Секој ученик задолжително да има сопствено шише со вода, спакуван оброк и подлога за јадење.
- Учениците задолжително ги мијат рацете пред и по оброкот, пред и по употреба на тоалетот, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани.
- Учениците задолжително оброкот го конзумираат во училницата во која ја реализираат наставата и само тогаш им е дозволено да ја отстранат маската, односно прекривката од лицето, но без да го напуштат местото на седење.
- Учениците се должни при користење на заедничките простории (хол, ходници, библиотека, соблекувални и фискултурна сала) да ги следат ознаките за движење,

да држат физичка дистанца и да не допираат површини или предмети во просторот каде се движат.

- За учениците со посебни образовни потреби, образовниот или личниот асистент кој се вклучува во паралелката, се придржува до Протоколот за настава со физичко присуство, поттикнува физичка дистанца помеѓу ученик-ученик и наставник-ученик и помага во одржувањето на хигиената на ученикот.
- Учениците задолжително го почитуваат времето на започнување и завршување на наставата, за да се избегне нарушување на реализацијата на наставата.
- Учениците не смеат да го оневозможуваат текот на часот со својот неодговорен и недисциплиниран однос.
- Учениците се должни да си ги чуваат своите лични работи.
- Сите ученици се должни да го почитуваат и одржуваат редот и хигиената во училницата, ходниците, санитарните простории и училишниот двор.
- Строго се забранува пишување и оштетување на училишните клупи, столчиња, ѕидови и останатиот училишен инвентар.
- Учениците не смеат да оставаат отпадоци под клупите, по подот, ходниците и останатите простории, освен во соодветни корпи за отпадоци.
- Чувањето на училишниот имот е должност на секој ученик.
- Секоја штета која ја предизвикуваат учениците, мора да се надомести.
- Ученикот треба да биде совесен, одговорен и со должно почитување кон сите вработени во училиштето.
- Во училиштето учениците треба да доаѓаат пристојно облечени.
- На часовите ученикот треба внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски
- Да придонесе со своето однесување и активност за одржување на работната атмосфера;
- Ученикот е должен редовно да носи училиштен прибор, учебници и тетратки;
- Да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- Да покаже почитување и толеранција кон другарите и наставниците;
- Ученикот не смее самоволно и без вистинска причина да го напушти часот;
- Учениците не смеат да користат мобилни телефони за време на часовите;
- На часовите не е дозволено да користат гуми за џвакање,
- Да го отпоздрави наставникот кога ќе влезе во училница;
- Да не ги навредува своите ученици
- Ученикот не смее да врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето
- Доколку насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците, дежурниот ученик мора веднаш да го информира било кој вработен во училиштето што му е најблиску или обезбедувањето;
- Кога наставникот зборува не треба да се прекинува!
- Обраќај им се со ВИЕ на возрасните;

- Користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација;
- Биди самокритичен па потоа критикувај;
- Чувај ги своите предметии не посегнувај по туѓите;
- Не ги потценувај способностите на своите соученици;
- Повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите;
- Сослушај го внимателно и почитувај го мислењето на другиот;
- Почитувај ги различните од тебе;
- Истакни ги позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови;
- Ако не се однесуваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и однесувај се ти на вистински начин – ПРИСТОЈНО;
- Учтивоста е особина која ја краси твојата личност, затоа однесувај се учтиво во секоја прилика;
- Со своето примерно однесување, покажи почит и кон своите родители;
- Биди искрен со своите родители, дури и да згрешиш! Тие ќе имаат разбирање за твоите постапки;
- Редовно информирај ги родителите за случувањата во училиштето;
- Ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;

## КОДЕКС ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ДАЛЕЧИНСКО УЧЕЊЕ

- Наставата од далечина е задолжителна
- Ученикот е должен да го провери распоредот на часови и навреме и редовно да се вклучува на настава
- Задолжително да ја провери исправност на својот технички уред
- При вклучување на настава со далечина ученикот го исклучува својот микрофон
- Доколку ученикот сака да земе збор, задолжително да побара дозвола од наставникот
- Учениците задолжително го почитуваат времето на започнување и завршување на наставата, за да се избегне нарушување на реализацијата на наставата.
- Учениците не смеат да го оневозможуваат текот на часот со својот неодговорен и недисциплиниран однос.
- Учениците се должни да ги почитуваат инструкциите и препораките од наставниците .
- Учениците треба да бидат пристојно облечени
- На часовите ученикот треба внимателно да слуша.
- Задолжително навремено и редовно да ги извршува домашните задачи
- Освен ученикот кој ја следи наставата од далечина не треба да има присуство на друго лице, освен родител

- Да придонесе со својата активност за одржување на работна атмосфера со пристојно однесување;
- Оброкот да се конзумира за време на големиот одмор, а не за време на часот
- Да не се попречува текот на часот со пуштање на тв приемникот, музика и гласно говорење
- Ученикот е должен да користи училиштен прибор, учебници и тетратки;
- Да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- Да покаже почитување и толеранција кон другарите и наставниците;
- Ученикот не смее самоволно и без вистинска причина да го напушти часот;
- Учениците не смеат да користат мобилни телефони за времa на часовите;
- На часовите не е дозволено да користат гуми за џвакање
- Да го отпоздрави наставникот кога ќе почне часот;
- Ученикот не смее да врши психичко малтретирање на учениците и наставниците за време на часот
- Редовно информирај ги родителите за изучените содржини и домашните задачи за учењето на далечина
- Ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;
- Следењето на постигањата на учениците ќе се следи формативно и сумативно
- Формативното оценување опфаќа изработка на проекти, квизови, есејски прашања, мултимедијални презентации, изготвување постери, истражувачки задачи, тестови на знаење, контролни вежби, ученичко е-портфолио
- Сумативното оценување ќе се изведува врз основа на сите формативни оценки и согледувања на наставникот во текот на реализацијата на учењето од далечина за секое тримесечие и полугодие на секој ученик во паралелката (описни оцени за учениците од I - VI и бројчани оцени за учениците од VII-IX) каде наставникот ги внесува во соодветниот Евидентен лист
- Оценките од прво тримесечие, полугодие и трето тримесечие наставникот ги користи за формирање на оценката на крајот на наставната година (описна оценка од I-III одделение и бројчана оценка за учениците од IV-IX одделение)
- Проверката (валидацијата) на знаењата на учениците се реализира со физичко присуство во училиште, на секое тромесечие по однапред утврден распоред на паралелки, број на ученици во паралелка и времетраење на проверката
- Доколку ученикот кој следи настава со учење на далечина не се вклучи на настава повеќе од пет дена, наставникот со стручната служба во училиштето реализира посета на ученикот во неговиот дом и спроведува разговор со родителот за неопходноста од задолжително и редовно следење на наставата.
- За нередовно присуство на наставата се применуваат педагошките мерки утврдени во Законот за основното образование и Законот за средното образование.
- Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит/ испит на година по предметите по кои не е оценет, согласно Законот за основното образование/ законот за средното образование.

## КОДЕКС ЗА РОДИТЕЛИТЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО

- Почитувај го куќниот ред на училиштето;
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (материјални обврски,оправдување на отсуства од часовите на учениците,консултации со наставниците и сл);
- Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето;
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете
- Родителите/старателите на учениците со попреченост, имаат право да одлучат дали нивните деца ќе следат настава со физичко присуство во училиште или ќе следат настава со учење од далечина - од дома.

- Учениците кои имаат потврда од матичен лекар/педијатар дека поради својата здравствена состојба не треба да посетуваат настава со физичко присуство следат настава со учење од далечина.

- Родителот/старателот до училиштето доставува медицинска документација и потврда од матичен лекар.

## КОДЕКС НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ДАЛЕЧИНСКО УЧЕЊЕ

- Секое отсуство на ученикот мора да биде најавено еден ден однапред од страна на родителот
- Почитувај го куќниот ред на училиштето;
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведението на вашето дете;
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (материални обврски,оправдување на отсуства од часовите на учениците,консултации со наставниците и сл);
- Задолжително присуствувајте на родителските средби преку конференцискиот сервис ЗУМ кој што ќе го договорат родителите и наставниците;
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесувањето на Вашето дете;
- Почитувајте го правилото на бон-тон при вклучување на состаноците на конференцискиот сервис ЗУМ
- Задолжително да не се попречува текот на часот со пуштање на тв приемникот, музика и гласно говорење
- Доколку имате можност, ученикот да следи настава од посебна просторија

- Доколку ученикот кој следи настава со учење на далечина не се вклучи на настава повеќе од пет дена, наставникот со стручната служба во училиштето реализира посета на ученикот во неговиот дом и спроведува разговор со родителот за неопходноста од задолжително и редовно следење на наставата.

- За нередовно присуство на наставата се применуваат педагошките мерки утврдени во Законот за основното образование и Законот за средното образование.

- Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит/ испит на година по предметите по кои не е оценет, согласно Законот за основното образование/ законот за средното образование.

- Родителите/старателите на учениците со попреченост, имаат право да одлучат дали нивните деца ќе следат настава со физичко присуство во училиште или ќе следат настава со учење од далечина - од дома.

- Учениците кои имаат потврда од матичен лекар/педијатар дека поради својата здравствена состојба не треба да посетуваат настава со физичко присуство следат настава со учење од далечина.

- Родителот/старателот до училиштето доставува медицинска документација и потврда од матичен лекар.

## КОДЕКС НА НАСТАВНИЦИТЕ СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО

- Наставниците се должни да го почитуваат сопствениот распоред за работното време и училишниот распоред.
- За контролиран влез и излез во/од училиштето, пред и внатре во училиштето, се организира редарска служба, со цел спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учениците од минимум 1,5 метар и тоа 3 редари пред влезовите на училиштето и 8 редари во училиштето. Редарите се ангажираат од редот на наставниците.
- На секој влез од училиштето учениците ги пречекува дежурен наставник, кој се грижи ученикот да ги дезинфицира обувките и рацете, односно му помага на ученикот да ги дезинфицира рацете со дезинфекционо средство.
- Вработените во училиштето, при влегување во училиштето, за време на престојот во училиште и за време на наставата задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар и носат заштитна маска/прекривка на лице, освен кога се на отворено во училишниот двор со одржување на препорачаната дистанца.

- Вработените при влезот во училиштето задолжително ги дезинфицираат обувките и рацете.
- На сите вработени им се мери телесна температура пред влезот на училиштето со безконтактен топломер и во случај на зголемена температура (над 37,4°C) вработениот се упатува кај матичен лекар.
- Наставниците треба да избегнуваат подолго да се задржуваат во наставничката канцеларија.
- Наставниците за време на паузите ги запазуваат мерките за дистанца и носење маска.
- За време на наставата и одморите, со учениците задолжително е присутен класниот раководител/наставник и се грижи за почитување на физичката дистанца меѓу учениците.
- Наставниците имаат обврска да им ја дадат на учениците, кои имаат прашања,потребната поддршка за да ги разберат мерките за нивна заштита.
- Доколку има отсутни наставници, дежурните наставници и педагошко - психолошката служба ја организираат наставата и воспоставуваат ред заради непречен тек на наставата.
- Вработените во училиштето имаат обврска да доаѓаат пристојно облечени, почитувајќи го кодексот на професионално облекување.
- Доколку во училиштето се појави заболен од КОВИД-19 или лице кое имало контакт со лице заболено од КОВИД-19, лицето се изолира во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка, а директорот воспоставува комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање на понатамошни насоки за постапување. За преземените активности училиштето доставува извештај до општината, а општината до Министерството за образование и наука.
- Доколку ученикот развие симптоми на КОВИД-19 додека е во училиште, наставникот/стручниот соработник го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка и веднаш ги известува родителите/старателите, кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.
- Доколку се потврди дека ученик е заболен од КОВИД - 19, се известува епидемиолошката служба во Центарот за јавно здравје која итно треба да направи анкета со наставниците и учениците за проценка на степенот на ризик врз основа на контактите кои ги имале.
- Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
- Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
- Наставникот да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- Наставикот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;

- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;
- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени;

## КОДЕКС НА НАСТАВНИЦИТЕ СО УЧЕЊЕ ОД ДАЛЕЧИНА

- Наставникот треба редовно и навремено да се вклучува на часот според зададениот распоред;
- Наставникот наставата ќе ја реализира преку националната платформа за учење на далечина
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
- Наставникот да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- Наставикот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;

- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- Наставникот не смее да го навредува ученикот и да го малтретира психички;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност и да користат различни интернет алатки;
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат на часовите од далечина;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет на националната платформа за учење на далечина;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима на часот;
- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени;
- Наставникот изготвува распоред за проверка на знаењата на учениците најдоцна 2 недели пред предвидените термини и истиот го објавува на веб страната на училиштето и на националната платформа за учење на далечина.

- По завршување на процесот на проверка на знаењата на учениците, класниот раководител по електронски пат го известува родителот за постигнатиот успех на неговото дете, утврден на класен и наставнички совет.

- Доколку ученикот кој следи настава со учење на далечина не се вклучи на настава повеќе од пет дена, наставникот со стручната служба во училиштето реализира посета на ученикот во неговиот дом и спроведува разговор со родителот за неопходноста од задолжително и редовно следење на наставата.

- За нередовно присуство на наставата се применуваат педагошките мерки утврдени во Законот за основното образование и Законот за средното образование.

- Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит/ испит на година по предметите по кои не е оценет, согласно Законот за основното образование.

## КОДЕКС НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО

- Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО;
- Да го почитуваат куќниот ред во училиштето;
- Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;
- Техничкиот персонал да соработува со наставниците , стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;
- Стручните соработници и директорот го почитуваат кодексот за наставниците;
- Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;
- Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
- При работата вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на конфликт;
- Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;
- Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок;
- Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите освен во случаи кога тоа го налага работната обврска предвидена за тој ден;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во термините за прием одредени од самиот вработен;
- Вработениот со својот лик, однесување, говор и култура треба да биде пример за учениците и вработените во училиштето

## КОДЕКС НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО СО УЧЕЊЕ ОД ДАЛЕЧИНА

- Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО;
- Да го почитуваат куќниот ред во училиштето и останатите правилници и протоколи за време на пандемија

- Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност пред отпочнување на часовите од далечина;
- Техничкиот персонал да соработува со наставниците , стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата од далечина;
- Стручните соработници и директорот го почитуваат кодексот на учениците, наставниците и другите вработени за наставата од далечина;
- Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;
- Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
- При работата Вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на комфликт;
- Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;
- Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок;
- Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите додека трае наставата од далечина освен во случаи кога тоа го налага работната обврска предвидена за тој ден;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во термините за прием одредени од самиот вработен;
- Вработениот со својот лик, однесување, говор и култура треба да биде пример за учениците и вработените во училиштето

- Доколку ученикот кој следи настава со учење на далечина не се вклучи на настава повеќе од пет дена, наставникот со стручната служба во училиштето реализира посета на ученикот во неговиот дом и спроведува разговор со родителот за неопходноста од задолжително и редовно следење на наставата.

- За извршената посета и разговор со родителот/старателот се составува белешка.

- За нередовно присуство на наставата се применуваат педагошките мерки утврдени во Законот за основното образование

- Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит/ испит на година по предметите по кои не е оценет, согласно Законот за основното образование.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |